**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Градоначалник на Град Скопје |
| ИЗГОТВУВАЧ: | Сектор за информатички технологии и модернизација |
| ПРЕТСТАВНИК: | Секретар на Град Скопје |
| ПОВЕРЕНИК: | Претставник од Сектор за информатички технологии и модернизација |

# ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА
## за активностите на Град Скопје во делот на информатичките технологии и модернизација за 2025 година

Скопје, Декември 2024 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24), Советот на Град Скопје на ________________ седница, одржана на _______ 2024 година донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Град Скопје во делот на информатичките технологии и модернизација за 2025 година

### I Предмет на Програмата

Со оваа Програма се утврдуваат целите, приоритетите, активностите и намената на средствата во делот на информатичките технологии и модернизација.

### II Цели на Програмата

Во 2025 година Град Скопје преку конкретни активности ќе ги реализира своите приоритети и цели во делот на информатичките технологии и модернизација и тоа:

- континуирано унапредување во работата и развојот на Информациониот систем на Град Скопје;
- подобрување на услугите кон граѓаните и бизнис заедницата содржани во стратешките документи на Град Скопје;
- дигитализација на дел од работните процеси;
- SMART CITY – SKOPJE (Скопје паметен град)
- двонасочна комуникација со помош на сервиси за работните процеси што не зависат од други институции;
- заштеда на време и средства за остварување на услугите кон граѓаните и бизнис заедницата;
- поддршка и помош во развојот на апликативните решенија што придонесуваат за зголемување на приходната страна на Буџетот на Град Скопје (даноци, комунални такси, урбанистичкото планирање итн).

## III  Планирани активности

Со оваа Програма се предвидени следниве активности:

1. Одржување на Информациониот систем на Град Скопје што вклучува одржување на целокупниот хардвер, локалната мрежа со сите мрежни уреди на локациите Град Скопје, Бригадата за противпожарна заштита со пет оперативни центри и Систем за складирање и заштита на податоци Disaster recovery во библиотеката „Браќа Миладиновци“, апликативен и системски софтвер. Одржувањето на  Информациониот систем на Град Скопје опфаќа **Опис 1.А**: Поправки и одржување на софтверска апликации и **Опис 1.Б**: Поправки и одржување на хардверска опрема:

| **Бр.** | **Опис 1.А** |
|---|---|
| 1 | Одржување на- Интегриран систем за управување со финансиите (ИСУФ) на Град Скопје<br>Дел1: Превентивно одржување  на Интегриран систем за управување со финансиите (ИСУФ) на Град Скопје |
| 2 | Одржување на ГИС ситем на Град Скопје |
| 3 | Одржување на Систем за управување со документи (DMS)<br>Дел1: Превентивно одржување  на Систем за управување со документи (DMS) |
| 4 | Превентивно одржување на Системот за електронска пошта на Град Скопје (Microsoft Exchange Server) |
| 5 | Редизајн и превентивно одржување на ВЕБ портали на Град Скопје www.skopje.gov.mk и др. |
| 6 | Одржување на систем за безбедност во сервер сала (видео надзор, ППЗ и алармна централа) |
| 7 | Превентивно одржување на апликација Информативен систем за судски спорови |
| 8 | Превентивно одржување на дигитална архива |
| 9 | Размена на платежни информации |
| 10 | Превентивно одржување на секундарен систем за финансии |
| 11 | Превентивно одржување на софтвер за менаџирање на логови и контролирање на ИС |
| 12 | Превентивно одржување на Систем за евиденција на работно време |
| 13 | Превентивно одржување на ЛОТУС ДОМИНО  систем |
| 14 | Одржување на мобилна апликација за Смарт Сити |
| 15 | Хостирање на интернет портали |
| **<u>Вкупен износ</u>:  9.000.000,00 денари**<br><br>**Потпрограма Е0,  Потставка 424420**<br>**Поправки и одржување на софтверска апликации** | |

| Бр. | Опис 1.Б |
|---|---|
| 1 | Дел1: Одржување на компјутерска и печатарска опрема и набавка на резервни делови<br>Дел2: Одржување на серверска опрема |
| 2 | Одржување на Систем за реден број на шалтери |
| 3 | Одржување на систем за безбедност во сервер сала (видео надзор, ППЗ и алармна централа) |
| 4 | Одржување на Дизел електричен генератор |
| 5 | Одржување на Систем за видео надзор на Град Скопје |
| 6 | Одржување на ИТ подсистеми |
| 7 | Одржување и нови верзии на ОРТО фото снимка за ГИС систем на Град Скопје |
| **Вкупен износ: 6.000.000,00 денари**<br><br>**Потпрограма Е0, Потставка 424420**<br>**Поправки и одржување на хардверска опрема** | |

Активностите ќе се спроведат согласно Законот за јавни набавки.

2. Набавка на хардвер - информатичка и видео опрема:

| Бр. | Опис |
|---|---|
| 1 | Набавка на серверска опрема |
| 2 | Набавка на мрежна опрема |
| 3 | Набавка на преносни и персонални работни станици (Советници 2025-2029 и администрацијата на Град Скопје) |
| 4 | Набавка на информатички системи |
| 5 | Набавка на печатарска опрема |
| 6 | Набавка на Систем за складирање и заштита на податоци Disaster recovery – надградба |
| 7 | Набавка на аудио и видео опрема во салата на Советот на Град Скопје – надградба |
| 8 | Набавка на систем безжичен интернет |
| 9 | Набавка на GPS систем |
| 10 | Системи за складирање на податоци и решение за Cyber Recovery |
| **Вкупен износ: 17.000.000,00 денари**<br><br>**Потпрограма ЕАА, Потставка 480140**<br>**Купување на информатичка и видео опрема** | |

Активностите ќе се спроведат согласно Законот за јавни набавки.

3. Набавка на софтвер (апликации, дигитализација, лиценци, гис податок – сателитска снимка) :

| Бр. | Опис |
|---|---|
| 1 | Одржување на Интегриран систем за управување со финансиите (ИСУФ) на Град Скопје<br>Дел2: Адаптивно одржување на Интегриран систем за управување со финансиите (ИСУФ) на Град Скопје |
| 2 | Одржување на Систем за управување со документи (DMS)<br>Дел2: Адаптивно одржување на Систем за управување со документи (DMS) |
| 3 | Адаптивно одржување на ГИС системи и апликации |
| 4 | Адаптивно одржување на ЛОТУС ДОМИНО систем |
| 5 | Адаптивно одржување на дигитална архива |
| 6 | м-услуги (мобилна апликација за услуги и информирање на Град Скопје) |
| 7 | ГИС модуларна апликација |
| 8 | Апликација е-фактури и м-фактури |
| 9 | Набавка на информатички лиценци на Град Скопје |
| 10 | Набавка на лиценци за ГИС системот на Град Скопје |
| 11 | Контакт центар на Град Скопје |
| 12 | Апликација за модерно Скопје (SMART CITY – SKOPJE) |
| 13 | Набавка на софтверски апликации |
| 14 | Набавка на безбедносен софтвер |
| 15 | Адаптивно одржување на систем за судски спорови |
| 16 | Адаптивно одржување на на ВЕБ портали на Град Скопје www.skopje.gov.mk и др. |
| 17 | Платформа за препознавање на објекти и урбана опрема |
| 18 | Дигитална реплика на Град Скопје (IoT, 3D, GIS, Сензори, Data) |
| 19 | Набавка на софтвер за систем со инвентарни броеви |
| 20 | Набавка на лиценци за далечински пристап |
| **Вкупен износ: 27.000.000,00 денари**<br><br>**Потпрограма ЕАА, Потставка 485230**<br>**Компјутерски софтвер** | |

Активностите ќе се спроведат согласно Законот за јавни набавки.

4. Купување друга ИТ опрема со **вкупен износ: 2.700.000,00 денари од потпрограма ЕАА потставка 480190 Друга опрема**

- Набавка на друга ИТ опрема (скенери, плотери, уреди за електрично напојување, придружни пристапни уреди, придружни серверски уреди).

- Набавка на безбедносна опрема за сервер салите на Град Скопје

Активноста ќе се спроведе согласно Законот за јавни набавки.

5. Други образовни услуги (Дел за ИТ) **<u>вкупен износ</u>: 500.000,00 денари од потпрограма Е0 потставка 425790 ИТ курсеви**

- специјализирани ИТ курсеви за стручно усовршување на вработените во Секторот за ИТ и модернизација.

Активноста ќе се спроведе согласно Законот за јавни набавки.

6. Консултантски услуги (Дел за ИТ) **<u>вкупен износ</u>: 500.000,00 денари од потпрограма Е0 потставка 425970**

- консултантски услуги од надворешни ИТ стручни луѓе.

Активноста ќе се спроведе согласно Законот за јавни набавки.

7. Материјали за АОП (Дел за ИТ) **<u>вкупен износ</u>: 2.000.000,00 денари од потпрограма Е0 потставка 423210**

- Услуга за изнајмување на мрежни печатари.

Активноста ќе се спроведе согласно Законот за јавни набавки.

8. Други трошоци за комуникација **<u>вкупен износ</u>: 2.000.000,00 денари од потпрограма Е0 потставка 421390**

- комуникациски интернет услуги преку асиметричен (ADSL) и симетричен (DSL) интернет пристап за потребите на Град Скопје.
- Серверски и сервисни дигитални сертификати е-услуги на Град Скопје

Активноста ќе се спроведе согласно Законот за јавни набавки.

## IV Финансирање на Програмата

Финансирањето на Програмата е од Буџетот на Град Скопје за 2025 година од потпрограмите Е0 и ЕАА

| Потпрограма | Износ: |
|---|---|
| Е0 | 20.000.000 денари |
| ЕАА | 46.700.000 денари |
| **Вкупно:** | **66.700.000 денари** |

## V Извршител на Програмата

Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма преку Секторот за информатички технологии и модернизација, во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки, како и во договор со институциите чии основач е Град Скопје.

## VI Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _____

__________ 2024 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Со Програмата се даваат на увид планираните проекти што треба Секторот за ИТ и модернизација да ги реализира во текот на 2025 година согласно потпрограмите и потставките во Буџетот на Град Скопје за 2025 година.

Во делот на **Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема** се наведени сите постоечки системи кои се дел од Информациониот систем на Град Скопје што овозможува непречена работа на администрацијата како сервис на граѓаните како и работата на Советот на Град Скопје.

Делот **Купување на информатичка и видео опрема** е од суштинска важност за функционирањето на Информациониот систем на Град Скопје за навремена замена на дотраениот хардвер од серверска опрема, работни станици, мрежни уреди, GPS уреди, аудио и видео опрема.

Набавката на **Компјутерски софтвер** овозможува реализација на нови апликативни решенија во делот на електронските сервиси, како и надградба на постоечките апликативни решенија кои се дел од Информациониот систем на Град Скопје. Исто така, потребно е и обновување и набавка на нови лиценци за дел од софтверите кои функционираат исклучиво со лиценца. Планирана е набавка и на нова сателитска снимка за територијата на градот Скопје.

Специјализирани **ИТ курсеви** се нужни за стручно усовршување на вработените во Секторот за ИТ и модернизација и следење на најновите достигнувања во ИТ технолошкиот развој.

Секторот за ИТ и модернизација обезбедува **комуникациски интернет услуги** преку асиметричен (ADSL) и симетричен (DSL) интернет пристап за администрацијата и Советот на Град Скопје. Притоа, овозможено е непречено функционирање на електронските сервиси кон граѓаните, како и помеѓу институции и Град Скопје.

**Консултантските услуги** се потребни заради тековниот договор за ИСО ресертификација (Град Скопје има Систем за управување со квалитет сертифициран согласно стандардот ИСО 9001:2008 уште во 2013 година, редовно се проверува, има транзиција согласно ИСО 9001:2015 во 2018 година и важност на сертификатот до 14.06.2024 година), како и потреба од ИТ стручно знаење за тековни и идни проекти.

**Услугата за печатење** со изнајмени мрежни печатари е исто така дел од работата на Секторот и се однесува на изнајмување на печатари и мултифункциски уреди за непречено работење на администрацијата..

Согласно гореизнесеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за активностите на Град Скопје во делот на информатичките технологии и модернизација за 2025 година.

.